

Електродистрибуција ДООЕЛ е компанија чија главна дејност е дистрибуција на електрична енергија во Република Северна Македонија. Компанијата е дел од EVN групацијата.

## КАРИЕРА ВО ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА

Во одделот Управување со мрежа имаме отворени позиции за амбициозни штотуку дипломирани студенти или студенти во последната година од нивните студии на Електротехнички факултети и Факултети за Информатички науки и компјутерско инженерство.

# Тренинг програма за
# Специјалисти во одделот Управување со мрежа (М/Ж)

**Информации за програмата**

- Времетраење: 12 месеци со можност на продолжување
- Личен развоен план за зајакнување на професионалните и личните вештини
- Интересни и разновидни задачи и проекти од областите:
    - системи за далечинско управување на електроенергетски објекти
    - подготовка и реализација на проекти за системи за далечиско управување на електроенергетски објекти
    - подготовка и реализација на ИКТ проекти согласно ITIL, COBIT, ISO 20000, ISO 27000

**Што нудиме:**

- Практична примена на знаењата стекнати на факултетот
- Поддршка од искусни ментори
- Обука и тренинг на работно место и кај сертифицирани провајдери за долунаведените области:
    - SCADA системи, LINUX/UNIX shell programing, Pyhton, Java, Perl, C++
    - работа со комуникациски протоколи IEC60870-5-101/104, IEC6061850, TCP/IP, MODBUS, DNP3
    - работа со мрежно / комуникациска опрема,модеми (радио, GPRS/3G/4G и сл.) ,Switche-еви, Router-и , Firewall
    - програмирање на уредите за далечинско управување и работа со RTU, IED,PLC
- Одлична работна атмосфера
- Флексибилно работно време со можност за работа на далечина

**Што очекуваме**

- Афинитет во следење на трендовите во областа на електроенергетиката
- Високо ниво на аналитичност
- Посветеност
- Способност за решавање проблеми
- Добри комуникациски вештини
- Познавање на англиски јазик и користење на MS Office
- Возачка дозвола Б категорија
- Способност за самостојна работа и работа во тим

Доколку сте заинтересирани за кариера во ЕВН Македонија, испратете куса биографија и мотивационо писмо на jobs.elektrodistribucija@evn.mk со наслов "NF TRAINEE" најдоцна до **03.01.2023**.

**Напомена**: Во согласност со законот за заштита на лични податоци со самото испраќање на Вашата апликација согласни сте вашите податоци да се чуваат , обработуваат и користат исклучиво за целите на регрутација и селекција. Повеќе информации околу Вашите права за обработка на податоците, како и за начинот на обработка на податоците можете да добиете на следниот линк https://www.evn.mk/Careers.aspx.

ЕВН Македонија е компанија која нуди еднакви можности и правичен третман при вработување на сите лица без оглед на нивната раса, пол, религија, национална припадност, вид на попреченост или политичка припадност.

Откријте го светот на ЕВН и искористете ја можноста за одличен развој на Вашата кариера!

ensure обезбедува encourage охрабрува enable овозможува